[redacted]

**До:** Основен суд Прилеп
Ул.Гоце Делчев бб
7500 Прилеп

[redacted]

**За:** г-ѓа Јасмина Шишковска – Стојковиќ, Претседател

**Предмет:** Барање за информација

ОСНОВЕН СУД
ВО ПРИЛЕП
ПРИМЕНО
на 30 OCT 2023 год.

Почитувани,

[redacted] како институција која помага за развојот на бизнис заедницата и заштитува нивните интересите , високо ја цени соработката со државните институции во земјата и е секогаш насочена кон градење на партнерски односи со истите со цел создавање подобар амбиент за водење бизнис и обезбедување забрзан економски раст и развој на државата.

Во рамките на својата работа, [redacted] врз основа на деловниот план, стратешките определби и годишниот план, спроведува многу активности и изработува различни анализи од економски и деловен интерес.

За потребите на нашите анализи, и согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации [redacted] Ви се обраќа на Вас како најрелевантна институција за добивање точни и веродостојни информации, со следното барање.

Согласно член 218 од Законот за Извршување е уредено дека:

(1) Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.

(2) Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

**Поради тоа, како клучни информации кои на нас ни се потребни е да ни доставите список на институции на подрачјето на Основен суд Прилеп на кои Вие како Претседател имате определено лимит за извршување за наплата на парични побарувања и колку тој лимит изнесува, за секоја институција поединечно.**

Се надеваме дека нашето барање ќе биде разгледано и ќе ни бидат доставени побараните информации.

[redacted]

Со почит,

Скопје, 26.10.2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ.бр.14/2023
22.11.2023

ДО

С к о п ј е

Предмет:Одговор на Ваше барање за пристап на информации од јавен карактер бр.0302/4-120 од 26.10.2023год.

Во врска со Вашето барање за доставување на информација, Ве известуваме дека во текот на 2023год. на подрачјето на Основен суд Прилеп поднесени се три барања за определување на лимит за извршување за наплата на парични побарувања и тоа за едно правно лице од Прилеп, едно правно лице од с.Оршани и едно правно лице од с.Кривогаштани.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,
Јасмина Шишковска Стојковиќ

exp
23.11.23

Во текот на 2023 година од страна на институциите на Република Северна Македеонија се поднесени следниве барања за определување на паричен лимит.

ППНИ – 23/23 Поднесен од страна на ЈП за стопанисување со државни шуми Национални шуми ПО со висина на лимит од

113.526.665 денари , и иостиот е одобрен со решение на Основен суд Прилеп од 30.03.2023 година.

ППНИ – 33/23 Поднесен од страна на ООУ Јонче Смугрески од с. Обршани, со висина на лимит од 207.800 денари, и истиот е одобрен со решение на Основен суд Прилеп од 28.04.2023 година која одлука е преиначена од страна на Апелационен суд Битола со решение ТСЖ – 156/23 од 15.06.2023 година со која лимитот се оОДБИВАКАКО НЕОСНОВАН.

ППНИ - 68/23 Поднесен од страна на ЈП Пелагонија Кривогаштани со висина на лимитот од 872.176 денари ,за кој до денес нема донесено одлука.

Судски службеник

Зиоран Атанасоски